# Корисничко упатство

За да почнете да го користите софтверското решение МоЕ-Здравје, потребно е да ја отворите веб-страницата moezdravje.mk (http://moezdravje.mk).

Во горниот дел од страната, ќе го забележите копчето за влез во порталот, кое е означено со црвено (Слика: 1). Со кликање на ова копче, ќе влезете во системот и ќе можете да ги користите понудените функции на порталот.




*Слика: 1*

Во порталот кој е наменет за пациенти и здравствени работници, има функција за проверка на резултати од анализи и други медицински податоци. Пристапот до овие информации е лесен и почнува со избор од мени кое е соодветно според тоа дали се работи за пациент или за здравствен работник.

Процес на проверка на резултати:

1. Избор на улога: Откако ќе го отворите порталот, треба да го изберете соодветното мени според Вашата улога. Менијата најчесто вклучуваат опции за пациенти или за здравствени работници, овозможувајќи на двата профила пристап до специфични податоци.

2. Форма за најава: По изборот на улогата, се отвора форма за најава каде што е потребно да ги внесете Вашите информации за најава. На оваа форма, вообичаено се бараат податоци како корисничко име и лозинка за да се потврди идентитетот на корисникот пред да му биде овозможен пристап до чувствителни медицински податоци (резултати од анализи и сл.).




*Слика: 2*

## МОЕ-ЗДРАВЈЕ ЗА ПАЦИЕНТИ

При логирање на порталот потребно е да се пополни **Корисничко име (Емаил)** – се пополнува емаил адресата со која сте се регистрирале на порталот и полето **Лозинка** – се пополнува лозинката која сте ја креирале  и  се кликнува на копчето Најавете се (*Слика: 3*).




*Слика: 3*

## РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВ КОРИСНИК

Доколку сте нов корисник и немате креирано профил за најава во порталот, потребно е да се направи регистрација. За да започнете, кликнете на копчето “Регистрирај се”, кое ќе Ве насочи кон формата за регистрација на нов корисник.

Процес на регистрација:

1. Форма за регистрација: При кликнување на копчето “Регистрирај се”, автоматски се отвора формата каде што треба да ги внесете потребните податоци за регистрација.

2. Потребни податоци: За регистрација на нов корисник, обично е потребно да го внесете Вашиот ЕМБГ (Единствен матичен број на оигуреникот) или ЕЗБО (Единствен здравствен број на осигуреник), кои служат за идентификација и верификација на корисникот.

3. Завршување на процесот: По пополнувањето на овие податоци, кликнете на копчето "Регистрирај се" за да го завршите процесот на регистрација.

Со успешно регистрирање, ќе можете да го користите Вашиот профил за проверка на резултатите или за пристап до други функции на порталот, како што се најава и преглед на релевантни информации поврзани со Вашето здравје или здравствената установа. Ова Ви овозможува поголема контрола и лесен пристап до важни податоци, без потреба од директен контакт со здравствените работници.




*Слика: 4*

Откако корисникот ќе биде успешно регистриран, потребно е да се внесат сите релевантни податоци за поднесување на барање. Полето за „Име и Презиме“ автоматски ги прикажува личните податоци на корисникот. Во полето „Емаил адреса“, внесете ја електронската пошта што ќе се користи за верификација и комуникација. Во полето „Телефон“, внесете го Вашиот мобилен број за дополнителна верификација и комуникација.

Откако ќе ги пополните овие полиња, со кликање на копчето „Поднеси барање“ ќе биде креирано ново барање. Потоа, на внесената емаил адреса ќе добиете линк за верификација на регистрацијата, што треба да го кликнете за да ја завршите постапката. (Слика: 5 и Слика: 6)




*Слика: 5*




*Слика: 6*

Откако е направена верификација, на првото логирање се отвора форма за внес на лозинка. По дефинирање на лозинката, кликнете на копчето Активирај. (*Слика: 7*).




*Слика: 7*

Откако успешно ќе се најавите, од левата страна достапно е мени за проверка на **Резултати од лабораторија**, **Барање за издавање хронична терапија, Побарај пристап до профил, Дозволи пристап до профил** и **Пријави проблем** (*Слика: 8*).




*Слика: 8*

За приказ на лабораториските резултати се кликнува на **Резултати од лабораторија**.

За преглед на резултати се кликнува на копчето кое се наоѓа до бројот на упатот, додека со копчето можете да ги испратите резултатите на лекарот доколку ја знаете е-маил адресата на лекарот (*Слика: 9*).




*Слика: 9*

Доколку Вашиот матичен лекар ја има прикачено Вашата хронична терапија на порталот, ќе имате можност да ја видите и управувате со истата. За тоа, потребно е да кликнете на „Барања за издавање хронична терапија“. Ако сакате да направите ново барање за издавање на рецепти, прво треба да го контактирате Вашиот матичен лекар, кој ќе ја префрли месечната терапија во системот МоЕ-Здравје. Откако терапијата ќе биде префрлена, ќе можете да ја следите и управувате преку порталот. (Слика: 10).




*Слика: 10*

Корисникот што е логиран може да добие увид во резултатите и хроничната терапија на член на семејство. Оваа можност е достапна така што ќе кликнете на **Побарај пристап до профил** и ќе се отвори следнава форма (*Слика: 11*):




*Слика: 11*

Во полето ЕМБГ или ЕЗБО и Емаил, потребно е да ги внесете податоците на корисникот за кој што сакате да добиете пристап за да ги следите податоците од неговиот профил. По внесување на потребните информации, ќе кликнете на копчето „Креирај барање", со што корисникот што е најавен ќе направи барање до корисникот чиишто податоци ги внесувате.

Понатаму, на копчето „Дозволи пристап до твој профил", корисникот може да ги прегледа пристигнатите барања за пристап до неговиот профил. Овие барања можат да бидат одобрени или одбиени. Исто така, ќе можете да ги видите Вашите испратени барања за пристап до друг профил. (Слика: 12).




*Слика: 12*

Во овој дел имате приказ за Барања за пристап до твој профил, Барања за пристап до профил на друг корисник.

НАПОМЕНА: Лицето за кое што имате пристап до неговиот профил можете само да имате увид на лабораториски резултати и преглед на терапија.

НАПОМЕНА: Барања за пристап до профил може да креира само лицето што е најавено на својот профил. Лицето што има пристап до друг профил неможе да одобрува и одбива барања на профилот до кој што има пристап.

Доколку се соочите со некаков проблем во текот на Вашето работење на порталот, истиот можете да го пријавите преку **Проблем** (*Слика: 13*).




*Слика: 13*

Во полето Емаил автоматски се пополнува е-маил адресата на корисникот што е најавен. Во полето Телефон внесувате Ваш телефонски број, ги пополнувате полињата Наслов и Опис каде што детално го објаснувате проблемот. Доколку кликнете на копчето Испрати, барањето се проследува до Кодекс Компјутери.

## Брз преглед на резултати

Исто така, за проверка на резултатите може да се пристапи со клик на копчето **Брз преглед на резултати** (*Слика: 14*).




*Слика: 14*

Потоа на екран се отвара формата како на Слика: 15. Во **Код за преземање на резултати од лаб.**, внесете го уникатниот код за анализите кој го добивте од лабораторијата. По внесување на кодот со клик на копчето Преземете резултат и доколку се изготвени анализите, резултатот се појавува како документ во .pdf формат и истиот може да го зачувате и испечатите.




*Слика: 15*

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ

За регистрација на лекар на МоЕ-Здравје се клика на копчето Влез во порталот и потоа се избира Здравствени работници (*Слика: 16*).




*Слика: 16*

Потоа на екран ни се појавува нова форма за најава на лекар како на Слика: 17.




*Слика: 17*

Доколку лекарот претходно не е регистриран на МоЕ-Здравје, потребно е да се кликне на копчето Регистрирај се и на екран ни се појавува формата за регистрација (*Слика: 18*).




*Слика: 18*

Во оваа форма, потребно е да ги внесете следниве податоци:

- Факсимил на лекар: овој број го користат здравствените работници за идентификација.
- Даночен број: даночен идентификациски број на регистрираната личност.
- Емаил адреса: е-пошта која ќе се користи за процесот на регистрација и комуникација.

По внесување на сите податоци, треба да се кликне на копчето “Регистрирај се”. На екранот ќе се прикаже порака дека регистрацијата е успешна. Потоа, ќе треба да ја отворите Вашата е-пошта за да го пронајдете линкот за верификација.

Со кликање на линкот за верификација, ќе се побара да внесете лозинка за профилот, по што ќе добиете пристап до формата за најава во системот.